РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2564/4
30-01-2024 г./v. (2023)

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2564/1 од 17.05.2023 година, оформен по доставена пријава за службеното лице ---------------, обвинител во Основното јавно обвинителство -------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со иста/слична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите, како и има донесено одлука од своја надлежност на 98-та седница заведена со број 12-4912/6 од 15.01.2024 година.

Предметот со број 12-2564/1 од 17.05.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 17.05.2023 година, поднесена е пријава за службеното лице службеното лице ------------, обвинител во Основното јавно обвинителство ----------- и оформен е предмет број 12-2564/1 од 17.05.2023 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за несовесно и коруптивно однесување на посочениот обвинител како и негово недолично однесување кон вработените во јавното обвинителство и странките во постапките.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Советот на јавни обвинители со цел нивно информирање во врска со наводите од пријавата и преземање на активности од нивна надлежност.

ДКСК утврди дека има постапувано по предмет оформен по пријава заведена со број 12-4912/1 од 16.10.2023 година со наводи против истиот обвинител во кое постапување има

обезбедено документација од страна на Вишото јавно обвинителство Штип и има донесено Одлука со која постапката била запрена. Одлуката е донесена на 98-та седница и е заведена со архивски број 12-4912/6 од 15.01.2024 година.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со иста/слична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите, како и донесена е одлука од нејзина надлежност.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: м-р К.З.
Одобрил: Н.Б, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**